РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-1813/4
08. 04 2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15) решавајќи по барање наш бр.18-1813/1, 20.03.2025г.од Влада на Република Северна Македонија, Генерален секретаријат, Сектор за правни работи, Скопје, доставено до Општина Крива Паланка од ЗЕЛС Скопје , Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР,** се уважува Барањето наш бр.18-1813/1, 20.03.2025г.од Влада на Република Северна Македонија, Генерален секретаријат, Сектор за правни работи, Скопје доставено од ЗЕЛС , Скопје.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како **ПРИЛОГ** кон ова решение со Акт бр.18-1813/3 , 02.04.2025г. на Одделението за урбанизам и заштита на животната средина и Акт бр. 18-1813/4 од 04.04.2025г. на Одделението за комунална инфраструктура и сообраќај, Општина Крива Паланка.

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 20.03. 2025г. од ЗЕЛС, Скопје по електронска пошта согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019) ни беше препратено Барање со архивски број 55-2071/2 , 07.03.2025г. од Влада на Република Северна Македонија, Генерален секретаријат, Сектор за правни работи, Скопје со наш арх. бр. 18-1813/1, 04.04.2025г. за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат информации од надлежност на општината за точките 48, 49, 50, 52 и 55 од барањето и тоа:

1. **Информација за точка 48 од барањето:**
   Во Општина Крива Паланка постои една ромска населба во која претежно населението се од ромска национална припадност, тоа е населбата ЕДИНСТВО и истата е урбанизирана.
2. **Информациите за точките 49, 50 и 52 од барањето** се доставуваат на барателот со Акт бр.18-1813/3 , 02.04.2025г. на Одделението за урбанизам и заштита на животната средина, Општина Крива Паланка, кој е прилог на ова решение., и
3. **Информацијата за точка 55 од барањето** се доставуваат на барателот со Акт бр.18-1813/4 , 04.04.2025г. на Одделението за за комунална инфраструктура и сообраќај, Општина Крива Паланка, кој е прилог на ова решение.

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18 - 1813/3
02. 04 2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**До**

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**
**Службено лице за проследување на информации**
**Лидија Митовска**

**Предмет:** Достава на податоци

**Врска:** Ваш акт бр.18-1813/2 од 20.03.2025 г.

Почитувани,

До Одделението за урбанизам и заштита на животната средина имате доставено барање, со кое барате да Ви доставиме податоци по точка 49, 50 и 52 од барање на Влада на Република Северна Македонија, за кое Ви ги доставуваме следните податоци:

- за точка 49, Број на легализирани објекти каде живеат роми во текот на 2024 година – легализирани се 7 објекти.
- за точка 50, број на не легализирани објекти во кои живеат роми - постапки што се водат и после 2024 г., се вкупно 26 постапки.
- точка 52, начин на кој се обезбедува правна и финансиска помош на лица роми – надоместокот се наплаќа согласно член 20 од Законот за постапување со бесправни објекти.

Со почит.

**Изготвил:** Ненад Цветановски

**Одделение за урбанизам и заштита на животната средина**
**Раководител**
**Маја Костадиновска диа,**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 18-1814/4
04.04 2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.krivapalanka.gov.mk


До
Службено лице за посредување
со информации Лидија Митовска

Предмет: Достава на информации

Врска: Барање за достава на информации бр.18-1813/2 од 20.03.2025 год.

Почитувани,

Во врска со горенаведеното барање, Ви доставуваме информација за работите од делокругот на работа на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај, односно т.55-Реализирани инфраструктурни проекти во места населени со ромско население.

Во текот на 2024 г. врз основа на Одлука на Владата на РСМ бр.41-4416/6 од 27.јуни 2023 г. И Договор за меѓусебно регулирање на правата и обврските во однос на извршена исплата на финансиски средства Министерство за транспорт бр.35-1137/65 од 14.07.2023 год., општина бр.08-3323/2 од 10.07.2023 год. реализиран е инфраструктурен проект „Реконструкција (рехабилитација) на ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка Маала“ со вкупна вредност од 4.838.211 со ддв., делумно финансиран од МТ на РСМ со вредност од 1.135.198 денари-национален буџет и кофинансирање од општина Крива Паланка во износ од 3.703.013 денари со ддв-локален буџет.

Одделение. за комунална инфраструктура и сообраќај

рак. Никола Граматиков,дги